РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1981/3
16-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава за корупција, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 42-та седница одржано на ден 11.12.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 3475 од 2019 година, оформен по пријава број 12 - 3475 /1 од 08.07.2019 година доставена од непознат подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-3475 од 2019 година, во предметниот случај не се потврдени предметните наводи.

Предметот со број 12-3475 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3475 од 2019 година е оформен по известување/пријава бр. 12-3475/1 од 08.07.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител - анонимна пријава.

Во пријавата се изнесени наводи за незаконитости во постапки за избор на директори во три Јавни претпријатија и тоа ЈП Комуналец, ЈП за стопанисување со спортски објекти - Јасмин и Локален музеј галерија, спроведени по јавен оглас објавен од Општина ----------- на ден 18.05.2018 година.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Општина ---------- за податоци и информации во врска со предметниот случај. По барањето на ДКСК доставено е бараното известување и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

-Во конкретниот случај станува збор за постапки за избор на директори во јавни претпријатија спроведени по јавен оглас објавен од Општина ----------- на ден 18.05.2018 година и во кои изборот на кандидати бил извршен на ден 20.06.2018 година, а при што, според наводите во пријавата, биле избрани кандидати кои не ги задоволувале сите предвидени услови за изборот односно, избраните кандидати не поседувале соодветен сертификат за познавање на странски – англиски јазик и истиот тие не го доставиле во предвидениот рок од една година до 20.06.2019 година или пак доставиле но, фиктивни неважечки сертификати кои содејствуваат на сертификатите барани во огласот согласно Законот јавните претпријатија, што значело дека од овој ден тие незаконски ги извршувале директорските функции.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

- Од извршени проверки на законските одредби, констатирано е дека оглас за избор на директор на локално јавно претпријатие распишува Градоначалникот на Општината, во случајот Градоначалникот на Општина -----------, а огласот се распишува и согласно член 23 став 4 од Законот за јавните претпријатија и во истиот се наведуваат предвидените услови кои лицето треба да ги исполнува за да може да биде избрано за поволен кандидат и да биде именувано за директор на едно јавно претпријатие, а одлуката за избор по објавениот оглас за избор на директор на јавно претпријатие, ја донесувал Градоначалникот на Општината.

-На 28.05.2020 година, на барање на ДКСК добиен е одговор од Општина --------- со прилог на доказна документација а кој се известува дека :

*Во постапката за избор на директорот на ЈП Комуналец ----------, била донесена одлука за избор на директор бр.--------/-- од 04.06.2018година а од страна на избраниот кандидат бил доставен меѓународно признат сертификат за активно познавање на англиски јазик - Аптис Б2 НИВО - согласно Законот за јавни претпријатија од 09.03.2018 година

*Во постапката за избор на директорот на ЈП за стопанисување со спортски објекти - ----- ----------------- - --------- -----------, била донесена одлука за избор на директор бр.--------/-- од 04.06.2018година, а од страна на избраното лице бил доставен сертификат за странски јазик бр.------/---- од 19.06.2019година- меѓународно признат сертификат заверен на нотар бр. АОР - ------- 19.05.2019 С 1, за активно познавање на англиски јазик - ТОЕФЕЛ ИБТ - согласно Законот за јавни претпријатија.

*Во постапката за избор на директорот на Локален Музеј Галерија, била донесена одлука за избор на директор бр.09-2680/6 од **1** 1.06.2018година и бил доставен сертификат за странски јазик бр.-----/-- од 19.06.2019година - меѓународно признат сертификат заверен на нотар АОР - ------ 19.05.2019 С I за активно познавање на англиски јазик - ТОЕФЕЛ ИБТ - согласно Законот за култура.

Истовремено, Општината известува дека во постапките за избор на директори на погоре наведените институции, од страна на избраниот директор на ЈП --------- ------------, меѓународно признат сертификат за активно познавање на англиски јазик бил доставен со доставувањето на целокупната документација во утврдениот рок за достава на документи по јавен оглас. Во постапката за избор на Директор на ЈП за стопанисување со спортски објекти - ----- ------- ---------- - -------- ------------- и Директор на Локален Музеј Галерија меѓународно признатите сертификати за активно познавање на англиски јазик биле доставени во рок од една година од именувањето, согласно член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија („Сл. Весник на РМ" бр.64/2018) и Законот за изменување и дополнување на законот за култура („Сл. Весник на РМ бр.11/2018),

"Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегување во сила на овој закон до 01 септември 2018 година е должен да го исполни условот за познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на именувањето. На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на англиски јазик во рокот утврден од ставот 1 од овој член му престанува мандатот."

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба во предметниот случај не е констатирана повреда на закон односно, ДКСК констатира дека во предметните постапки за избор на директори во наведените три јавни претпријатија кои биле спроведени по јавен оглас објавен од Општина ---------- на ден 18.05.2018 година, од страна на наведената Општина било постапено согласно важечката регулатива во државата и со почитување на законските одредби по однос на достава на документите по јавен оглас и исполнувањето на потребните услови по истиот, што значи дека во предметниот случај не се потврдени предметните наводи. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 11 декември 2020 година под бр. 12- 1981/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Архива
По заклучок на ДКСК, Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р Ш.С.,член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk